РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА




# БИЛТЕН

## ДРЖАВЕН КВИЗ НАТПРЕВАР

## “КОЛКУ ГО ПОЗНАВАШ СООБРАЌАЈОТ”

Крушево 1,2 и 3 февруари 2008

**РЕПУБЛИЧКИ СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ НА СООБРАЌАЈОТ НА ПАТИШТАТА**

Во периодот од 01 до 03 февруари 2008 година во Крушево, градот кој пред повеќе од 100 години беше прва република на Балканот, по прв пат се одржа Државен квиз натпревар по сообраќај под мотото „Колку го познаваш сообраќајот‟ организиран од Републичкиот совет за безбедност на сообраќајот на патиштата преку Комисијата за сообраќајно техничко воспитание и образование на децата, младите и возрасните во сообраќајот. Истата работеше во проширен состав со Техничка комисија, Оценувачката комисија, Комисија за финансии како и со претставници од МВР, Општинските совети за безбедност на сообраќајот на патиштата од РМ и Општина Крушево, домаќин на овогодишните натпревари.

Целта на овие натпревари е пред се да се подигне сооообраќајната култура и однесување на децата во сообреаќајот на патиштата, а со тоа и подигнување на степенот на безбедноста на сообраќајот на патиштата.

Натреварите ги отвори претседателот на Комисијата за сообраќајно техничко воспитание и образование на децата, младите и возрасните во сообраќајот, Тони Петрески.




На државниот натпревар учествуваа 24 натпреварувачи од 8 екипи од 8 региони од Републиката.

Од регионот Скопје учествуваа учениците од ООУ “Петар Петровиќ - Његош”,

1. Михаил Стојановски од V одд.,
2. Стефан Стојановски од VI одд. и
3. Андријана Јанковска од VII одд.

Со менторот Небојша Муковски.

Од регионот Куманово учествуваа учениците од ОУ “Кочо Рацин” од Кратово,

1. Давид Арсов од VI одд.,
2. Мелита Јовановска од VI одд. и
3. Виктор Митевски од VII одд.

Со менторот Драги Стефанофски.

Од регионот Тетово учествуваа учениците од ОУ “Перпарими” од с.Г. Речица,

1. Вјоса Селими од V одд.,
2. Илир Мифтари од VI одд. и
3. Амир Ќамили од VIII одд.

Со менторот Веби Адеми.



Дел од уметничките точки.

Од регионот Битола учествуваа учениците од ОУ “Манчу Матак” од с.Кривогаштани,

1. Бозароска Симона од V одд.,
2. Крцев Филип од VI одд. и
3. Моцаноски Менде од VII одд.

Со менторот Вера Костоска.

Од регионот Охрид учествуваа учениците од ОУ “Д-р Владимир Полежиноски” од Кичево,

1. Иван Настески од V одд.,
2. Биљана Смилеска од VI одд. и
3. Радица Дамјаноска од VII одд.

Со менторот Борис Гаврилоски.

Од регионот Велес учествуваа учениците од ООУ “Гоце Делчев” од Неготино,

1. Велика Цветкова од VI одд.,
2. Марија Јаневска од VI одд. и
3. Маја Јованова од VII одд.

Со менторот Јордан Петрушев.

Од регионот Струмица учествуваа учениците од ОУ “Даме Груев” од Струмица,

1. Славе Начевски од VI одд.,
2. Александра Црнгарова од VI одд. и
3. Драгица  Црнгарова од VIII одд.

Со менторот Ацо Атанасов.

Од регионот Штип учествуваа учениците од ОУ “Ванчо Китанов ” од Пехчево,

1. Секулова Анамарија од V одд.,
2. Соколиевски Васил од VI одд. и
3. Димитровска Христина од VIII одд.

Со менторотБранко Соколичевски.

Односно учесници беа учениците од основните училишта кои предходно освоиле прво место на Регионалните квиз натпревари одржани во месец декември 2007 година во 8-те региони.

На ден 01.02.2008 година се одржаа полуфиналните натпревари на кои натпреварувачите покажаа завидно ниво на подготвеност и активно учество во одговорите и по завршувањето на прашањата предвидени за полуфиналните натпревари најуспешни беа екипите на ООУ„Др. Владимир Полежиноски“ од Кичево, ОУ”Ванчо Китанов” од Пехчево, ОУ”Гоце Делчев” од Неготино  кои се пласираа на финалниот натпревар предвиден за ден 02.02.2008 година, а поради ист број на освоени поени и навистина висока подготвеност на натпреварувачите од четвртата и петтата екипа организаторот одлучи во финале да одат и двете екипи.




**Резултати од полуфиналните натпревари**

| ОСВОЕНО МЕСТО | ЕКИПА | ОПШТИНСКИ СОВЕТ | РЕГИОН | ВКУПНО ОСВОЕНИ ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ОУ "Д-р Владимир Полежиноски" | КИЧЕВО | ОХРИД | 63 |
| 2 | ОУ "Ванчо Китанов " | ПЕХЧЕВО | ШТИП | 57 |
| 3 | ООУ "Гоце Делчев" | НЕГОТИНО | ВЕЛЕС | 56 |
| 4 | ОУ "Петар Петровиќ - Његош" | СКОПЈЕ | СКОПЈЕ | 54 |
| 5 | ОУ "Даме Груев" | СТРУМИЦА | СТРУМИЦА | 54 |
| 6 | ОУ "Перпарими" од с.Г. Речица | Г.РЕЧИЦА | ТЕТОВО | 50 |
| 7 | ОУ "Кочо Рацин" | КРАТОВО | КУМАНОВО | 49 |
| 8 | ОУ "Манчу Матак" | КРИВОГАШТАНИ | БИТОЛА | 39 |

На ден 02.02.2008 година се одржа финалниот натпревар кој беше збогатен со неколу културно-уметнички точки изведени од балетската група од ООУ„Никола Карев" од Крушево чии ученици исто така на натпреварувачите им подарија макето од староградска македонска куќа и макета од возила изработена во оригами техника.



Во финалниот натпревар натпреварувачите ја потврдија нивната висока подготвеност и одличното познавање на правилата и прописите за безбедност во сообраќајот и најмногу знаење покажаа натпреварувачите од Скопскиот регион.

Исто така во финалето се случи третото место да го делат две екипи така да победникот од овие две екипи се доби со одговарање на дополнителни прашања по систем на елиминација, така да по одговарање на првиот круг перашања третото место го освои екипата од Охридскиот регион.



**Резултати од финалниот натпревар**

| ОСВОЕНО МЕСТО | ЕКИПА | ОПШТИНСКИ СОВЕТ | РЕГИОН | ВКУПНО ОСВОЕНИ ПОЕНИ |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ОУ "Петар Петровиќ - Његош | Скопје | Скопје | 62 |
| 2 | ОУ "Ванчо Китанов " | Пехчево | Штип | 55 |
| 3 | ОУ "Д-р Владимир Полежиноски" | Кичево | Охрид | 54 |
| 4 | ООУ "Гоце Делчев" | Неготино | Велес | 54 |
| 5 | ОУ "Даме Груев" | Струмица | Струмица | 34 |

На ден 03.02.2008 година беа и официјално прогласени победниците и поделени наградите со што натпреварот беше прогласен за успешен и истиот прогласен за затворен.